**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 10-391/6**
**Скопје, 29.06.2005 година**

**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд), за 2004 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Бошко Китановски - Директор од 20.01.2003 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 01.03. до 14.03. и од 21.03 до 15.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Цвета Ристовска, Ревизор;
   - Добринка Весковска, Ревизор;
   - Емилија Атанасовска-Јовановиќ, Ревизор;
   - Татјана Димитровска, Ревизор;
   - Зоран Богоевски, Помлад ревизор

6. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

-дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

7. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој КОнечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразено мислење.

9. На ден 08.06.2005 година добиени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Фондот број 05-2960/1 од 08.06.2005 година.
Забелешките се разгледани и по истите е констатирано следното:
-забелешките на констатациите изнесени во точката 9.1.4. на Претходниот извештај се прифаќаат;
-забелешките на констатациите изнесени во точките 9.1.3. и 9.1.5. на Претходниот извештај делумно се прифаќаат и
-забелешките на констатациите изнесени во точките 9.1.6, 9.3.1, 9.4.1, 9.4.2. на Претходниот извештај не се прифаќаат.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Евидентирањето на материјалните трошоци реализирани во Подрачните единици на Фондот во износ од 28.136 илјади денари се врши врз основа на месечни прегледи без приложена соодветна финансиска документација за реализираните расходи, поради што ревизијата не можеше да се увери во веродостојноста и објективноста на искажаните расходи.

**Препорака:**

Да се донесе интерен акт со кој ќе се регулира начинот на евидентирање на расходите од подрачните единици со што ќе се воспостави контрола над истите.

10.1.2. Фондот врз основа на Спогодба за соработка и за начинот на задршката од пензиите на корисниците на пензија - членови на здруженијата на

пензионерите здружени во СЗПМ за солидарните фондови и членарина на здруженијата, врши задршка при исплатата на пензиите на корисниците, без законски основ за ваквиот вид на задршки.

**Препорака:**

Да се утврди законски основ пред да се вршат задршките од пензија за солидарни фондови и членарина.

10.1.3. Во Фондот нема соодветна евиденција за наши државјани, корисници на странска пензија по основ на загубена работна способност стекната само врз основа на стаж остварен во странска држава, кои засноват редовен работен однос во земјата, спротивно на член 8 од Законот за работни односи. За ваквиот вид на пензиски исплати не е предвидена законска обврска за евиденција од страна на Фондот.

**Препорака:**

- Да се изврши измена и дополна на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во поглед на воведување на евиденција на оваа категорија корисници на пензија;
- обезбедувањето на овој вид информации да се дел од одредбите од меѓународните договори за размена на информации помеѓу земјите потписнички;
- да се прошири соработката  со Агенцијата за вработување на Република Македонија, со што не би се вршела злоупотреба на примената на одредбите на Законот за работните односи при зановање на работен однос.

10.1.4. Ревизијата утврди дека во Подрачните единици Валандово, Неготино и Штип вработени се три извршители на работни задачи повеќе од предвидениот број со Одлуката за организација и систематизација на работните места во стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидскоко осигурување за односните подрачни единици, иако на ниво на Фондот не постои целосна пополнетост на работните места.

**Препорака:**

Вработувањето да се врши согласно позитивната законска регулатива, како и Одлуката за организација и систематизација на работните места во стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување да се усогласува со потребата од нови работни места.

10.1.5. Врз основа на одобрение од Министерството за труд и социјална политика број 08-3620/02 од 21.08.2002 година, извршена е исплата на плати по основ на поголемо месечно право за исплата на нето плати во вкупен износ од 9.110 илјади денари, спротивно на член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија.

**Препорака:**

Исплата на платите да се врши во согласност со позитивната законска регулатива.

10.1.6. Фондот нема сознание за висината на побарувањата по основ на дивиденда за акциите и уделите добиени согласно Законот за трансформација на

претпријатија со општествен капитал, иако согласно одредбите за Користење на податоците од Законот за централен регистар, податоците можат да ги користат сите физички и правни лица. Податоците не се прибавени од причини што за истите Фондот треба да издвои дополнителни финансиски средства во износ од 1.200 илјади денари.

**Препорака:**

Да се превземат мерки за обезбедување на податоци за финансискиот резултат од работењето на претпријатијата во кои Фондот има акции и удели и неговата распределба.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.2.1. Постои неусогласеност помеѓу состојбата на позициите Капитални средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година во износ од 326.041 илјади денари, поради непримена на основните сметководствени начела на парично искажување во минати години и неизвршено усогласување на сметките при промената на истите.

**Препорака:**

Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2004 година согласно начелото на парично искажување и да се изврши усогласување на сметките.

### *10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

10.3.1. Поради погрешно разграничување на расходите ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за Буџетите и тоа:

- Ставката Тековно одржување е преценета за износ од 5.525 илјади денари, за кој износ се потценети и тоа: ставката Физибилити, студии, припрема на проекти и дизајн за износ од 270 илјади денари за изработка на техничка документација за санација-преадаптација на деловен простор на Фондот и ставката Основно и специјално одржување за износ од 5.255 илјади денари за адаптација и преадаптација на објекти на Фондот и
- Ставката Други оперативни расходи е преценета за износ од 305 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Комуникација и транспорт, за извршена набавка на нафта за потребите на подрачна единица на Фондот.

**Препорака:**

При евидентирањето на расходите правилно да се применува Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за Буџетите.

### *10.4. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

### *10.4.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет на соодветни ставки*

- При извршување на Буџетот на Фондот за 2004 година, реализирани се расходи над износот планиран на ставката Основно и специјално одржување во износ од 5.255 илјади денари, без претходна согласност од Министерството за финансии, спротивно на член 7 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

**Препораки:**

Да не се превземаат обврски над максималните износи утврдени во Буџетот на Фондот, прераспределбата на планираните расходи во текот на фискална година да не се врши без одобрение од надлежните органи, а планирањето на приходите да ги опфаќа сите приходи.

### *10.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

Не е спроведена постапка за јавна набавка во вкупен износ од 8.603 илјади денари, од кои по договори од минати години исплатени се средства во износ од 7.432 илјади денари (прилог број 1)
Неспроведувањата на постапки за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препораки:**

1. Да се воспостави контрола за следење на извршувањето на договорите по времетраење;
2. Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

12. Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Фондот и тоа:

- Судски спор со Сојузот на синдикатите на Македонија, за утврдување на правото на сопственост на објект, зграда - кат 1 и 2 кој го користи Фондот, започнат во 1997 година. Во сметководствената евиденција на Фондот објектот е евидентиран како капитално средство-градежен објект со сегашна вредност во износ од 9.176 илјади денари;

- Судски спор со АД РИК “Силекс” – Кратово и УП “Галеб” – Струга за поништување на решението за упис во судскиот регистар на Окружен

стопански суд Скопје по извршеното припојување на УП “Галеб” – Струга кон РИК “Силекс” – Кратово;

- Во текот на 2004 година поведени се судски постапки во кои тужител е Фондот за повеќе исплатени средства за пензии, неисплатени закупнини и нарушено владение за износ од 2.166 илјади денари. Исто така поведени се судски постапки во кои тужен е Фондот, за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот;
- Судскиот спор со АД РИК “Силекс” - Кратово, за утврдување на правото на сопственост на идеална третина од Хотел “Галеб” - Струга и Хотел “Плажа” – Струга и право на користење на соодветен дел од дворните површини каде се изградени наведените хотели, поведен во текот на 1992 година завршен е со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија донесена на 24.12.2003 година, примена од страна на Фондот на ден 07.06.2004 година, со која е изгубено правото на сопственост на идеална третина над хотелите Галеб и Плажа.

13. Во текот на 2004 година од страна на Фондот, постапено е по Извештајот на Посебната комисија при Министерството за труд и социјална политика за преоцена на наодот, оцената и мислењето на Комисиите за оцена на работната способност при Фондот, и тоа: изготвена е Информација од страна на Директорот на Фондот до Министерството при што се превземени мерки по Извештајот од Посебната комисија; извршена е измена во Законот за пензиско и инвалидско осигурување во делот на инвалидското осигурување; извршена е измена на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на комисиите за оцена на работната способност како и донесена е Одлука за задолжителен минимум на обемот и содржината на медицинската документација во постапката за остварување право по основ на инвалидност.

14. Од досегашната пракса, во случај на стечај или ликвидација над фирми кои имаат заостаната неизмирена обврска за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, истиот останува ненаплатен поради непоседување на имот на фирмите, со што вработените заперидот за кои не е измирена обврската од страна на фирмата, не можат да остварат право на пензија.

15. Состојбата во врска со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој, објектите наменети за одмор и рекреација на корисниците на пензија и други објекти кои согласно член 179-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се државна сопственост и со кои управува Фондот, не е променета во текот на 2004 година и во 23 домови и 9 клубови и понатаму управуваат и стопанисуваат здруженијата на пензионери, клубот во Кочани е во владение на општина Кочани, а за клубовите во Струга и Крива Паланка не е познат владетелот.
Поведените судски постапки од минати години за утврдување на правото на сопственост од страна на Здруженијата на пензионерите како тужители против Фондот и Република Македонија како тужени, во текот на 2004 година немаат конечен исход и тоа за домови во општина Кисела вода и Гостивар.
Исто така во текот на 2004 година поведена е судска постапка од страна на Фондот против Здружението на пензионери на општина Делчево за утврдување на правото на сопственост на пензионерскиот дом во Делчево.

16. Фондот во текот на 2004 година има склучено 55 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос. Со писмо број 12-703/1 од 09.02.2004 година до Министерството за финансии, побарана е согласност за 27 нови вработувања, за кои во текот на 2004 година

не е добиена согласност за нови вработувања. Потенцираме, дека иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, на ангажираните лица не им се обезбедени никакви права од работен однос.

17. Фондот не врши усогласување на неизмирените обврски кон Фондот за здравствено осигурување на име придонес за здравствено осигурување за исплатени пензии и на побарувањата од Фондот за здравствено осигурување по основ на придонес за пензиско и инвалидско осигурување за корисниците за надоместок од плата за време на привремена спреченост од работа, поради исплата на придонесот на висината на исплатениот надоместок.
Имено, Фондот за здравствено осигурување пресметува и исплаќа придонес за пензиско и инвалидско осигурување на корисниците за време на привремена спреченост од работа на износот на висината на надоместокот од плата, а не на висината на основицата од која е пресметан надоместокот на платата, спротивно на член 180 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осугурување.

18. Управниот одбор на Фондот нема доносено Одлука за понатамошните дејствија во однос на започната изградбата на новиот административно-деловен објект за потребите на стручната служба на Фондот. Министерството за транспорт и врски подрачна единица Кисела Вода – Скопје, донесе Одобрение за градба број 16-4753/3 од 30.12.2004 година и истото е доставено до Фондот на 19.01.2005 година добиено е Одобрение за градба на деловен објект.

19. За дел од капиталните средства на Фондот, во тек е постапка за обезбедување на имотни (поседовни листови), согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, од причини што доставените имотни (поседовни листови) од страна на Државен Завод за геодетски работи не одговараат на фактичката состојба и иститите треба да се изложат на јавен увид заради утврдување на правата на недвижностите согласно законот.

20. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2003 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 10.2, 10.3, 10.4, 10.6, 10.7, 10.8, 10.9, 10.13, 10.15, 10.16, 10.17, и 10.18. од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности, а за констатциите изнесени во точките 10.14. Фондот не превземал мерки за отстранување на истите.

21. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Фондот во текот на ревизијата:

***21.1. Неправилна примена на акти:***

- Фондот нема воспоставено внатрешна ревизија и нема назначено внатрешни ревизори, спротивно на член 46-а од Законот за буџетите, поради што исплатата на обврските и трошоците се врши без претходна контрола за исправноста и комплетноста на документацијата за исплата.

**Превземени мерки:**

Донесено е Решение за назначување на внатрешен ревизор бр.04-535/1 од 01.02.2005 година.

- Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на Фондот, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Превземени мерки:**

Донесено е Решение за одговорен сметководител број 04-2198/1 од 28.04.2005 година.

### *21.2. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

- Позициите Активни временски разграничувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година се потценети во вкупен износ од 782 илјади денари, а се однесува на неевидентирани обврски за поврат на финансиски средства на име придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 4.000 илјади денари поради и неевидентирано намалување на евидентираната пресметката на пензиите за 2004 година во однос на реалната исплата на истите во износ од 3.218 илјади денари;
- Позициите Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски спрема добавувачи во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година се потценети во износ од 650 илјади денари, поради неевидентирани обврски кон добавувачи во земјата;
- Позициите Капитални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година се потценети во износ од 270 илјади денари, поради неевидентирана техничка документација за санација-преадаптација на објекти и деловен простор на Фондот по Договор број 02-1275/15 од 30.07.2004 година и техничка документација за адаптација и преадаптација на објекти на Фондот по Договор број 02-1276 од 06.09.2004 година и 02-1276/11 од 01.10.2004 година и
- Во рамките на Позицијата Извори на капитални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година, делот на Државен јавен капитал - Извори на капитални средства со кои располагаат и управуваат буџетите е потценета за износ од 24.899 илјади денари, за кој износ е преценет делот на Останат капитал – залихи на материјалите, резервните делови, ситен инвентар и хартии од вредност, поради погрешна сметководствена евиденција.

**Преземени мерки:**

За неправилностите во искажувањето на позициите во Билансот на состојба во текот на ревизијата, извршена е исправка на истите и на ревизијата и е доставен налог за спроведеното книжење.

**Овластен државен ревизор,**

**Владимир Милојевиќ**

**Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | **20,434,598** | 19,885,985 |
| Неданочни приходи | 3.4. | **55,931** | 80,131 |
| Трансфери и донации | 3.5. | **8,925,566** | 8,216,735 |
| Продажба на хартии од вредност | 3.6. | **50,915** | 20,626 |
| **Вкупно приходи** | | **29,467,010** | **28,203,477** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 196,029 | 293,225 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 222,979 | 158,918 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 28,646,575 | 27,299,804 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **29,065,583** | **27,751,947** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 51,228 | 12,404 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **51,228** | **12,404** |
| **Вкупно расходи** | | **29,116,811** | **27,764,351** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **350,199** | **439,126** |

**Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 350,199 | 418,464 |
| Хартии од вредност | 4.1.2. | 0 | 20,000 |
| Побарувања | 4.1.3. | 754,831 | 30,485 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 4.1.4. | 380 | 92 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.5. | 133,204 | 109,505 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.6. | 2,488 | 10,387 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.7. | 3,105,867 | 3,051,750 |
| Залихи | 4.1.8. | 2,514 | 12,580 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4,349,483** | **3,653,263** |
| **Капитални средства** | | | |
| Капитални средства | 4.2.1. | 221,353 | 198,792 |
| Природни богатства | 4.2.2. | 47,094 | 47,094 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 90,984 | 65,291 |
| Долгорочни пласмани | 4.2.4. | 7,401,787 | 7,521,746 |
| **Вкупно капитални средства** | | **7,761,218** | **7,832,923** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.2.5. | **0** | **29,514** |
| **Вкупна актива** | | **12,110,701** | **11,515,700** |
| **Вонбилансна евиденција-актива** | **4.3.** | **122,065** | **120,228** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 43,337 | 27,009 |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.4.2. | 2,207 | 12 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.4.3. | 357 | 1,376 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.4.4. | 661,309 | 607,630 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.4.5. | 2,488 | 10,382 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.6. | 3,311,230 | 2,727,177 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **4,020,928** | **3,373,586** |
| **Извори на средства** | | **0** | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 8,089,773 | 8,133,262 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **8,089,773** | **8,133,262** |
| **Извори на средства за други намени** | **4.5.2.** | **0** | **8,852** |
| **Вкупна пасива** | | **12,110,701** | **11,515,700** |
| **Вонбилансна евиденција-пасива** | **4.6.** | **122,065** | **120228** |

**Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Средства за други намени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2003 година** | **8,120,682** | **12,580** | **8,852** | **8,142,114** |
| **Зголемување по основ на:** | **101,574** | **7,553,677** | **-** | **7,655,251** |
| Набавки | 66,889 | 8,768 | | **75,657** |
| Пренос од материјални средства во подготовка | 664 | | | **664** |
| Прекнижување на друго конто | 8,852 | 7,544,909 | | **7,553,761** |
| По прифатени корекции од ревизија | 25,169 | | | **25,169** |
| **Намалување по основ на:** | **(7,655,007)** | **(43,733)** | **(8,852)** | **(7,707,592)** |
| Отпис на капитални средства по попис | (2,092) | | | **(2,092)** |
| Расходи и отуѓувања | (1,613) | (18,834) | | **(20,447)** |
| Прекнижување на друго конто | (7,520,010) | | (8,852) | **(7,528,862)** |
| Продажба на хартии од вредност | (72,557) | | | **(72,557)** |
| Ликвидациона постапка во тек | (24,899) | | | **(24,899)** |
| Промена на главнина-курсни разлики | (7,028) | | | **(7,028)** |
| Амортизација | (26,808) | | | **(26,808)** |
| По прифатени корекции од ревизија | | (24,899) | | **(24,899)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **567,249** | **7,522,524** | **-** | **8,089,773** |